Република Македонија
НОТАР
Мартин Божиновски
Куманово,ул.Пелинска бр.3

ОДУ бр.752/2019
ИЗВОД
-Страна-1-

--Во Кратово на ден 18.06.2019 година (ден-осумнаесетти,месец-јуни,година-две илјади и деветнаесеттта)------------------

**--НОТАРСКИ АКТ- ЗАПИСНИК ОД РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ СИЛЕКС** АД Кратово------------------------------------------------------------------------------------------------

--Јас, Нотар Мартин Божиновски од Куманово со службено седиште на ул. Пелинска бр.3 именуван за Нотар на подрачјето на Основен суд во Куманово, запишан во именикот на Нотарите при Нотарската Комора на Република Македонија, согласно Решение број 02-985/1 од ден 05.07.2018 година издадено од НКРМ определен да ја врши нотарската служба за подрачјето на Основниот суд во Кратово потврдувам дека денеска на ден 18.06.2019 година (ден-осумнаесетти,месец-јуни,година-две илјади и деветнаесетта) во Кратово на писмено Барање заведено под деловоден број 0302-188/2 од ден 16.05.2019 година (прилог А кон овој акт ОДУ број **752/2019**) од Извршен директор на ФК СИЛЕКС АД Кратово **Иванов Драган,** роден на ден 14.06.1974 година во Скопје, со живеалиште на улица Гоце Делчев број 84-7 во Кратово, со ЕМБГ 1406974423006, чиј што идентитет го утврдив врз основа на лична карта број A1268989 издадена од МВР Кратово на ден 26.12.2011 година со рок на важност од 10 години, присуствував на седница на Собранието на акционери на Друштвото која се одржа на денешен ден (вторник) во просториите на клубот на улица Гоце Делчев број 70 во Кратово со почеток во 09:00 часот (девет часот).----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

--**Присутните учесници побараа од мене да им составам во форма на Нотарски Акт-Записник од редовно годишно собрание на акционери на ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ СИЛЕКС АД** Кратово **со ЕМБС 6806350 и ЕДБ** 4014012501590.------------------

-Согласно Законот за нотаријат (Службен Весник на Република Македонија бр.72/16, 142/16 и 233/18) при составувањето на нотарскиот акт не е потребно присуство на сведоци, а нотарот и учесниците тоа не го бараа.------------------------------------------------------------------------------------------

--Учесниците изрично изјавуваат под полна морална, материјална и кривична одговорност дека доставената документација е непроменета и правно валидна па во таа смисла се предупредени од нотарот за последиците од давањето лажна изјава.--------------------------------------------------------------

--Откако утврдив дека учесниците се способни и овластени за превземање на оваа правна работа,на учесниците им ја објаснив целта и ги поучив за правните последиците кои произлегуваат од истата,се уверив во нивната вистинска и сериозна волја, па согласно со одредбите од Законот за нотаријатот на Република Македонија и одредбите од Законот за трговски друштва по изјавите на учесниците целосно јасно и одредено го составив следниот:-----------------------------------------------------

**--ЗАПИСНИК ОД РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ СИЛЕКС АД** Кратово -

--Седницата на Собранието започна во 09,00 часот на ден 18.06.2019 година во просториите во клубот на улица Гоце Делчев број 70 во Кратово.Со писменото барање за мое присуство пред отпочнување на собранието ми беше предочена следнава документација:-----------------------------------

спортски дејности фудбалскиот клуб СИЛЕКС АД -Кратово **Иванов Драган**, роден на ден 14.06.1974 година, со живеалиште на улица Гоце Делчев број 84-7 во Кратово, со ЕМБГ 1406974423006, чиј што идентитет го утврдив врз основа на лична карта број А1268989 издадена од МВР Кратово на ден 26.12.2011 година со рок на важност од 10 години, и нотар Мартин Божиновски од Куманово со седиште на улица Пелинска број 3 Куманово. --------------------------------
1.ОТВАРАЊЕ на СОБРАНИЕТО;--------------------------------------------------------------------------------------
--Собранието го отвори Драган Иванов кој изјави дека **по иницијатива на овластен застапник на ФК Силекс АД Кратово**,се свикува ова редовно годишно собрание и дека го отвара редовното годишно собрание на фудбалскиот клуб Силекс АД Кратово и дека се одржува ова редовно собрание согласно Законот за Трговски Друштва и укажа дека Записникот ќе го води Нотар.Понатаму истакна дека потоа истакна дека за вклучување на нови точки во Дневниот ред, предлагање на нови одлуки и други прашања нема поднесени писмени барања, дека гласањето на годишно Собрание се врши јавно, лично од акционер или од полномошникот и дека материјалите за работа на седницата на годишното Собрание биле ставени на Увид од денот на Поканата, секој работен ден во протсориите на ФК Силекс АД Кратово на улица Гоце Делчев број 70 во Кратово од 12 - 14 часот и дека денешното годишно собрание ќе работи по дневен ред и тоа: ------------------------------
-------------------------------------------------Д Н Е В Е Н Р Е Д-------------------------------------------------
ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:------------------------------------------------------------------------------------------
Избор на претседавач на Собранието,----------------------------------------------------------------------
Избор на бројач на гласови на Собранието,----------------------------------------------------------------
Записникот го води нотар,--------------------------------------------------------------------------------------
РАБОТЕН ДЕЛ:-------------------------------------------------------------------------------------------------
1.Разгледување и усвојување на финансиски извештаи со 31.12.2018 година,со донесување на Одлука.------
2.Разгледување и усвојување на Ревидирани финансиски извештаи со 31.12.2018 година,со донесување на Одлука.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
3.Одлука за распоредување на добивка со 31.12.2018 година.--------------------------------------------
4.Одлука за ангажирање на Ревизорска куќа за ревизија на финансиски извештаи со 31.12.2019 година.-----
5.Одлука за разрешување од функција на членови на Одбор на директори во клубот.--------------------------
6.Одлука за именување членови на Одбор на директори во клубот.----------------------------------------
7.Разно ---------------------------------------------------------------------------------------------------------
Избор на записничар: се констатира дека е повикан и присутен- нотар Мартин Божиновски од Куманово и записниот да го води и завери нотарот Мартин Божиновски од Куманово.-------------------
Потоа истакна дека за да може Собранието полноважно да работи треба да се избере Претседавач на седницата на Собранието. За претседавач на Собранието на акционерите се предложи Власте Савевски. Предлогот се стави на гласање.--------------------------------------------------------------------
- Претставникот- на основачот Власте Савевски гласаше ЗА(број на гласови 260): ПРОТИВ;-нема; ВОЗДРЖАНИ: -нема; издвоено мислење-нема;-----------------------------------------------------------------
СЕ КОНСТАТИРА: за Претседавач на Собранието е избран Власте Савевски ----------------------------
Избраниот претседавач Власте Савевски го превзеде водењето на седницата на собранието, и го предложи: нотарот Мартин Божиновски од Куманово за записничар и Драган Иванов како бројач на гласови. Други предлози-нема. Претседавачот предлогот го стави на гласање. ----------------------
-Претставникот- на основачот Власте Савевски гласаше ЗА(број на гласови 260): ПРОТИВ;-нема; ВОЗДРЖАНИ: -нема; издвоено мислење-нема;-------------------------------------------------------------------
претседавачот КОНСТАТИРА: за записничар е избран нотарот Мартин Божиновски од Куманово, а Драган Иванов за бројач на гласови.------------------------------------------------------------------------

5. Одлука за разрешување од функција на членови на Одбор на директори на клубот.---------------------------
Уводно излагање даде Претседавачот Власте Савевски,при што образложи дека треба да се донесе одлука за разрешување на досегашните членови на Одборот на директори во клубот поради завршување на нивниот мандат.-------------------------------------------------------------------------------
-Претседавачот ја прочита и образложи предлог одлуката од оваа точка на дневниот ред и отвори расправа.Бидејќи никој не се јави за збор,се пристапи кон гласање. Се гласаше јавно и едногласно со вкупен број на претставени акции 260 акции или 100%------------------------------------------------
- гласови:ЗА-СИТЕ против-НЕМА,воздржани-НЕМА, издвоено мислење-НЕМА.**Претседавачот констатира дека со 260 гласови е донесена Одлука за разрешување од функција на членови на Одбор на директори на клубот.**-------------------------------------------------------------------------------
6. Одлука за именување членови на Одбор на директори во клубот.-----------------------------------------------
- Претседавачот предложи за членови во Одбор на директори да се именуваат Стојан Миланов,Драган Иванов и Добре Иванов.Друг предлог немаше.--------------------------------------------
Претседавачот ја прочита и образложи предлог одлуката од оваа точка на дневниот ред и отвори расправа.Бидејќи никој не се јави за збор,се пристапи кон гласање. Се гласаше јавно и едногласно со вкупен број на представени акции 260 акции или 100%------------------------------------------------
- гласови:ЗА-СИТЕ против-НЕМА,воздржани-НЕМА, издвоено мислење-НЕМА.**Претседавачот констатира дека со 260 гласови е донесена Одлука за именување членови на Одбор на директори на клубот.**-------------------------------------------------------------------------------
7.Разно --------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
По оваа точка од дневниот ред немаше дискусии ниту предлози. ------------------------------------------------
По исцрпувањето на дневниот ред претседавачот седницата ја прогласи за затворена и таа заврши во 11,00 часот.--------------------------------------------------------------------------------------------------
Врз основа на наведеното а согласно Законот за нотаријат јас нотар Мартин Божиновски од Куманово согласно Решение број 02-985/1 од ден 05.07.2018 година издадено од НКРМ определен да ја вршам нотарската служба за подрачјето на Основниот суд во Кратово, со седиште на ул. Пелинска број 3 во Куманово, ------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------ПОТВРДУВАМ-----------------------------------------------
1.Дека на седницата на редовното годишно Собрание на акционери на друштво за спортски дејности фудбалскиот клуб СИЛЕКС АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО Кратово одржана на ден 18.06.2019 година со почеток во 09.00 часот во Кратово во работните простории на клубот со седиште на ул. Гоце Делчев бр.70 во Кратово, се работеше по следниот -------------------------------------------------
---------------------------------------------Д Н Е В Е Н Р Е Д-------------------------------------------------
**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**---------------------------------------------------------------------------------
Избор на председавач на Собранието,---------------------------------------------------------------------
Избор на бројач на гласови на Собранието,----------------------------------------------------------------
Записникот го води нотар,---------------------------------------------------------------------------------
**РАБОТЕН ДЕЛ:**-------------------------------------------------------------------------------------------
1.Разгледување и усвојување на финансиски извештаи со 31.12.2018 година,со донесување на Одлука.-------
2.Разгледување и усвојување на Ревидирани финансиски извештаи со 31.12.2018 година,со донесување на Одлука.-----------------------------------------------------------------------------------------------------
3.Одлука за распоредување на добивката.--------------------------------------------------------------------
4.Одлука за ангажирање на Ревизорска куќа за ревизија на финансиски извештаи со 31.12.2019 година.-----
5.Одлука за разрешување од функција на членови на Одбор на директори во клубот.-------------------------
6.Одлука за именување членови на Одбор на директори во клубот.-------------------------------------------

**4. Одлука за ангажирање на Ревизорска куќа АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје за ревизија на финансиски извештаи со 31.12.2019 година** (прилог "S" кон оваа нотарска исправа ОДУ бр. 752/2019);----------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.Одлука за разрешување од функција на членови на Одбор на директори на клубот** (прилог "И" кон оваа нотарска исправа ОДУ бр. 752/2019);-----------------------------------------------------------

**6. Одлука за именување членови на Одбор на директори на клубот** (прилог "Ј" кон оваа нотарска исправа ОДУ бр. 752/2019);----------------------------------------------------------------------------

--Јас Нотар Мартин Божиновски потврдувам дека овој Записник во форма на Нотарски акт лично го составив од следење на целокупниот тек на редовното годишно собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на истото,а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуки и заедно со прилозите кон истиот им го прочитав на претседавачот Власте Савевски и на присутните, и со непосредни прашања се уверив дека содржината на оваа нотарска исправа одговара на нивната вистинска слободно изразена волја и го предупредив на правните последици од ваквата правна работа.Претседавачот лично изјави дека содржината на исправата во целост одговара на неговата волја и дека записникот ги содржи со опис сите дејствија што се случија на редовното собрание на акционери за што во знак на прифаќање и потврда на сето горенаведено во овој записник претседавачот Власте Савевски своерачно се потпишува на оваа нотарска исправа и прилозите кон неа.----------------------------------------------------------------

--Учесникот изјавува дека е изрично согласен и го овластува Нотарот без негово присуство да изврши исправки на технички и јазични грешки во оваа нотарска исправа, со посебна писмена исправка во согласност со член 42 став 2 од Законот на нотаријатот на РМ,која ќе биде составен дел на оваа нотарска исправа и ќе му биде доставена на учесникот.-----------------------------------------

-- Овој нотарски акт-Записник е составен на лице место во Кратово на ул. Гоце Делчев бр.70 на седум листа, на секој лист по една страна текст, во три еднообразни примероци од кои на друштвото му издадов два изводи од нотарскиот акт а изворникот со прилозите на нотарскиот акт се чува во архивата на нотарот.-----------------------------------------------------------------------------------------

--Нотарска такса за заверка согласно Законот за судски такси и согласно член 158 став 3 од Законот за нотаријатот на Република Македонија во износ од 500,00 денари е наплатена, уплатена и прикачена на примерокот кој останува за архивирање.Нотарска награда согласно член 41 точка 1 б и член 54 став 1 од Нотарска тарифа ("Службен Весник на Република Македонија" број 226/2016) е пресметана и наплатена во износ од 9.800,00 денари.-------------------------------------------------

ПРЕТСЕДАВАЧ **Власте Савевски**: ----------------------------------------------------------------------

_____с.р.________________________________________________________________

--Во Кратово на ден 18.06.2019 година (ден-осумнаесетти,месец-јуни,година-две илјади и деветнаесетта)---------------------------

ОДУ бр. 752/2019------------------------------------------------------------------------------------------

Записничар

Нотар Мартин Божиновски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
МАРТИН
БОЖИНОВСКИ
КУМАНОВО

ФК СИЛЕКС АД
Бр. 0302-225
18.06.2019 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 41 став 1 од Статут на ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО, Собранието на Друштвото преку застапник на единствениот содружник на ден 18.06.2019 година донесе,

**О Д Л У К А**
За усвојување на финансиски извештаи со 31.12.2018 година
на ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО

**Член 1**

Се УСВОЈУВАТ финансиските извештаи со 31.12.2018 година на Друштвото за спортски дејности ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО.

**Член 2**

Финансиските извештаи со 31.12.2018 година се составен дел на Одлуката.

**ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО**
**Претседавач**
**Власте Савевски**

Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ СИЛЕКС АД * Кратово *

ФК СИЛЕКС АД
Бр. 0302-226
18.06.2019 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 41 став 1 од Статут на ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО, Собранието на Друштвото преку застапник на единствениот содружник на ден 18.06.2019 година донесе,

**О Д Л У К А**
За усвојување на Ревидирани финансиски извештаи
со 31.12.2018 година
за ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО

**Член 1**

Се Усвојуваат Ревидираните финансиски извештаи со 31.12.2018 година на Друштвото за спортски дејности ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО.

**Член 2**

Ревидираните Финансиски извештаи со 31.12.2018 година се составен дел на Одлуката.

**ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО**
**Претседавач**
**Власте Савевски**

ФК СИЛЕКС АД
Бр. 0302-227
18.06.2019 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 41 став 1 од Статут на Друштвото за спортски дејности ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО и член 483 од Законот за трговски друштва, Собранието на Друштвото преку застапникот на единствениот содружник на ден 18.06.2019 година донесе,

**О Д Л У К А**
За распоредување на добивката

**Член 1**

Нето добивката по годишна сметка за 2018 година во износ од 269.778,00 денари се распоредува:

1. Законски резерви во износ од 144.542,00 денари.
2. Останати резерви во износ од 25.236,00 денари.
3. Пренос на добивката за наредна година (акумулирана добивка) во износ од 100.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО**
**Претседавач**
**Власте Савевски**

Друштво за спортски дејности
ФУДБАЛСКИ КЛУБ СИЛЕКС АД
Кратово

ФК СИЛЕКС АД
Бр. 0302-228
18.06.2019 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 41 став 1 од Статут на ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО, Собранието на Друштвото преку застапникот на единствениот содружник на ден 18.06.2019 година ја донесе,

# О Д Л У К А

За ангажирање на Ревизорска куќа за ревизија на финансиски извештаи со 31.12.2019 година

**Член 1**

Се донесува Одлука за ангажирање на ревизорска куќа АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ, за ревизија на финансиските извештаи со 31.12.2019 година на Друштвото за спортски дејности ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

**ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО**
**Претседавач**
**Власте Савевски**

Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ СИЛЕКС АД Кратово

ФК СИЛЕКС АД

Бр. 0302-229
18.06.2019 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 41 став 1 алинеја 12 и член 62 од Статут на Друштвото за спортски дејности ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО, Собранието на Друштвото преку застапникот на единствениот содружник на ден 18.06.2019 година донесе,

**О Д Л У К А**

За разрешување од функцијата на членовите на Одбор на директори на клубот

**Член 1**

Од Функцијата членови на Одбор на директори на Друштвото за спортски дејности ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО, се разрешуваат и тоа:

1. Драган Иванов – Извршен директор
2. Стојан Миланов – Претседател
3. Добре Иванов - Член

**Член 2**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

**ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО**

Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб СИЛЕКС АД * Кратово *

ФК СИЛЕКС АД

Бр. 0302-230
18.06. 2019 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 41 став 1 алинеја 12 и член 62 од Статут на Друштвото за спортски дејности ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО, Собранието на Друштвото преку застапникот на единствениот содружник на ден 18.06.2019 година донесе,

**О Д Л У К А**

За именување на членовите на Одбор на директори на клубот

**Член 1**

За членови на Одбор на директори на Друштвото за спортски дејности ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО, се именуваат :

1. Драган Иванов
2. Стојан Миланов
3. Добре Иванов

**Член 2**

Неизвршните членови во Одбор на директори на ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО својата функција ја извршуваат без надоместок.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

**ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО**
**Претседавач**
**Власте Савевски**

Друштво за спортски дејности
Фудбалски клуб Силекс АД
* Кратово *

ФК СИЛЕКС АД
Бр. 0302-232
18.06.2019 год.
КРАТОВО

# З А П И С Н И К

*За одржана седница на Одбор на директори во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото за спортски дејности ФК СИЛЕКС АД Кратово, на ден 18.06 2019 година во Кратово,со почеток во 11,30 часот.*

Седницата на Одборот на директори се одржа во деловните простории на **ФК СИЛЕКС АД** ,ул.Гоце Делчев бр.70 Кратово.
Заради проверување и утврдување на вкупниот број на членови на Одбор на директори, за полноважно одлучување на седницата на Одбор на директори извршено е пребројување на членовите на Одбор на директори и констатирано е присуство на сите членови на Одбор на директори.
**ПРИСУТНИ: СТОЈАН МИЛАНОВ** од Кратово,**ДОБРЕ ИВАНОВ** од Кратово и **ДРАГАН ИВАНОВ** од Кратово, сите членови на Одборот на директори именувани се на Редовното годишно собрание на Друштвото за спортски дејности одржано на ден 18.06..2019 година Со Олука бр.0302-230.

Оверувачи на Записникот се сите членови на Одбор на дирктори на ФК СИЛЕКС АД Кратово.

**Пред отварање на седницата на увид е доставена Одлуката за именување на членови на Одбор на директори од СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ НАФК СИЛЕКС АД одржано на ден 18.06.2019 година заведена под бр.0302-230.**

Нај возрасниот член на Одборот на директори Стојан Миланов ја отвори седницата и констатира дека на седницата се присутни сите членови на Одборот на директори.

Исто така присутните членови на Одборот на директори беа опоменати дека Одлуките на Одбор на директори се донесуваат со мнозинство на гласови на присутните членови на Одборот на директори по принципот еден човек еден глас по пат на јавно гласање и го предложи следниот,

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

**1.- Донесување Одлука за избор на ПРЕТСЕДАТЕЛ на Одбор на директори во ФК СИЛЕКС АД Кратово.**
**2.Донесување Одлука за избор на ИЗВРШЕН ЧЛЕН на Одбор на директори(Извршен директор).**
**3.Разно.**
Дневниот ред беше едногласно прифатен од страна на сите присутни членови на Одбор на директори.

По првата точка од дневниот ред Стојан Миланов истакна дека согласно член 369 од законот за трговски друштва и член 67 од Статутот на ФК СИЛЕКС АД Кратово, од именуваните членови на Одборот на директори треба да се именува Претседател.
**Драган Иванов** даде предлог Стојан Миланов да се именува за Претседател на Одбор на директори на ФК СИЛЕКС АД Кратово, бидејки успешно ја извршуваше оваа функција и досега.Друг предлог немаше,Прдлогот се стави на гласање,**присутните членови едногласно Ја донесоа следната,**

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**ЧЛЕН 1**

**За Претседател на Одбор на директори на ФК СИЛЕКС АД Кратово се избира СТОЈАН МИЛАНОВ од Кратово со стан на ул.Гоце Делчев бр.43,со ЕМБГ 1402948423000.**

**ЧЛЕН 2**

**Мандатот на Претседателот на одборот на директори е со траење од 4(четири) години.**

**ЧЛЕН 3**

**Претседателот на одбор на директори своите права,обврските и овластувања е должен да ги извршува во согласност со Законот,Статутот на ФК СИЛЕКС АД Кратово и овластувањата што му се дадени.**

**ЧЛЕН 4**

**Претседателот на одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците,одговорен е за евиденција за состаноците и организирањето на други начини на работа и одлучување на одборот на директори.**

**ЧЛЕН 5**

**Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.**

По избор на Претсдател на Одбор на директори,истиот продолжи со водење на Седницата.

По втората точка од дневниот ред Стојан Миланов истакна дека согласно член 367 од законот за трговски друштва и член 72 од Статутот на ФК СИЛЕКС АД Кратово,од именуваните членови на Одбор на директори трба да се избере Извршен член(извршен директор).

**ДОБРЕ ИВАНОВ** даде предлог Драган Иванов да се избере за Извршен член на одбор на директори(извршен директор).Друг предлог немаше.Предлогот се стави на гласање,**присутните членови едногласно ја донесоа следната,**

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ИЗВРШЕН ЧЛЕН НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**ЧЛЕН 1**

**За извршен член на Одбор на директори на ФК СИЛЕКС АД Кратово се избира Драган Иванов од Кратово со стан на ул.Гоце Делчев бр.84/7 и ЕМБГ 1406974423006.**

**ЧЛЕН 2**

**Мандатот на Извршниот директор ке биде со траење од 4(четири) години.**

**ЧЛЕН 3**

**Извршниот член ги има правата,обврските и овластубањата утврдени во Статутот на ФК СИЛЕКС АД Кратово и Законот за трговски друштва.**

**ЧЛЕН 4**

**Извршниот директор го застапува друштвото со трети лица, во бнатрешниот и надворешниот промет неограничено.**

**ЧЛЕН 5**

**Се овластува извршниот дитектор да ја потпише пријавата за упис во Централниот регистар.**

**ЧЛЕН 6**

**Одлуката влегува во сила од денот на потпишувањето.**

Се премина на третата точка од дневниот ред.
По ова точка никој не се пријави за збор.

Со исцрпување на предложениот дневен ред Седницата на Одборот на директори на ФК СИЛЕКС АД Кратово седницата заврши во 12,30 часот.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО**

**1.СТОЈАН МИЛАНОВ-претседател**

**2.ДРАГАН ИВАНОВ-извршен директор**

**3.ДОБРЕ ИВАНОВ-член**

ФК СИЛЕКС АД

Бр. 0302-233
18.06 2019 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 369 став 4 од Законот за Трговски друштва и член 67 од Статутот на ФК СИЛЕКС АД Кратово,Одборот на директори на седницата одржана на ден 18.06.2019 година ја донесе следната,

**ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА**

**Претседател на Одбор на директори во ФК СИЛЕКС АД Кратово**

**Член 1**

За претседател на Одбор на директори во ФК СИЛЕКС АД Кратово со едногласна Одлука се избира Стојан Миланов од Кратово со постојано место на живеење на ул.Гоце Делчев бр.43, со ЕМБГ1402948423000.

**Член 2**

Мандатот на претседателот на Одбор на директори е со траење од 4(четири) години.

**Член 3**

Претседателот на Одбор на директоти на ФК СИЛЕКС АД Кратово своите права,обврски и овластувања е должен да ги извршува во согласност со Законот на трговски друштва и Статутот на ФК СИЛЕКС АД Кратово.

**Член 4**

Претседателот на Одбор на директори ги свикува состаноците на Одборот,претседава со нив,донесува пдлуки,одговорен е за водење евиденција за одржаните состаноци и за организирање на останати начини на на работа и одлучувања на Одборот на директори.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО

Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ СИЛЕКС АД Кратово

1.Стојан Миланов

2.Добре Иванов

3.Драган Иванов

ФК СИЛЕКС АД

Бр. 0302-234
18.06 2019 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 367 став 4 од Законот за Трговски друштва и член 72 од Статутот на ФК СИЛЕКС АД Кратово,Одборот на директори на седницата одржана на ден 18.06.2019 година ја донесе следната,

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА

## Извршен член на Одбор на директори во ФК СИЛЕКС АД Кратово

### Член 1

За извршен член(извршен директор) на Одбор на директори во ФК СИЛЕКС АД Кратово со едногласна Одлука се избира Драган Иванов од Кратово со постојано место на живеење на ул.Гоце Делчев бр.84/7, со ЕМБГ1406974423006.

### Член 2

Мандатот на Извршниот директор на Одбор на директори е со траење од 4(четири) години.

### Член 3

Извршниот директор на Одбор на директоти на ФК СИЛЕКС АД Кратово своите права,обврски и овластувања е должен да ги извршува во согласност со Законот на трговски друштва и Статутот на ФК СИЛЕКС АД Кратово.

### Член 4

Извршниот директор го застапува друштвото према трети лица во земјата и во странство неограничено.

### Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ФК СИЛЕКС АД КРАТОВО

Друштво за спортски дејности ФУДБАЛСКИ КЛУБ СИЛЕКС АД Кратово

1.Стојан Миланов

2.Добре Иванов

3.Драган Иванов